ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 31 јануари 2015

# СООПШТЕНИЕ

## Едукативна работилници со пензионерите во Штип

ФЗОМ продолжува со одржување на едукативните работилници со пензионерите, кои се организираат во соработка со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и со Црвениот Крст.

Денеска во Штип се одржа втората едукативна работилница од новиот циклус предвиден за 2015 година, која има за цел да ги едуцира пензионерите за нивните права од областа на лековите и ортопедските помагала.

За едукација на пензионерите за прашања од областа на лековите своја презентација имаше Кристина Тосевска, од сектор фармација во ФЗОМ, а за остварување на право на ортопедско помагало, своја презентација имаше д-р Ана Филиповски, од сектор контрола во ФЗОМ.

Овие едукативни работилници имаат за цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за своите права од областа на лекови и ортопедски помагала, но и можност да дадат свои предлози и идеи за поефикансо работење.